Уп. бр. 08-

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ, со деловна адреса на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија преку полномошник Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 30.01.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ, со деловна адреса на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија ќе стекне контрола над ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о, со седиште на улица Масарјукова бр. 1, Загреб Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија” бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08,130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на 25.12.2024 година, а дополнето на 30.12.2024, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ, со деловна адреса на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија со која

Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ,ќе стекне контрола над ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о со седиште на улица Масарјукова бр. 1, Загреб Хрватска.

Пред Трансакцијата, ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о е контролирано од **ИНТЕРКЕПИТАЛ д.д.**, со регистрирано седиште на адреса улица Масарјукова бр. 1, Загреб Хрватска. По завршувањето на Трансакцијата, Ерсте Асет Мрнаџмент ГмбХ ќе стекне сопственост врз ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о. Пред комплетирањето на Договорот за купопродажба на удел, ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о ќе претрпи низа корпоративни преструктуирања. Имено, **ИНТЕРКЕПИТАЛ д.д.**, е единствениот акционер на ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о каде што поседува четири акции, што заедно претставува 100% од акционерскиот капитал на ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о. Пред комплетирањето, ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о ќе помине низ корпоративен процес на одвојување со основање (**podjela s osnivanjem**), според кој конкретни средства и обврски на ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о ќе бидат пренесени на три поврзани лица контролирани од **ИНТЕРКЕПИТАЛ д.д.**, Одвоените средства (анг. *Carved-out Assets*) ќе бидат исклучени од трансакцијата управувана од Договорот за купопродажба, ограничувајќи го нејзиниот опсег на **Средствата што не се одвојуваат** (анг. ***non-carved-out Assets***).

Средствата што не се одвојуваат (анг. ***non-carved-out Assets***) што ќе бидат предмет на Трансакцијата ги влучуваат следните фондови:

| **Име** | **Вид** |
|---|---|
| InterCapital Balanced | Претпријатија за Колективно Инвестирање во Преносливи хартии од вредност (анг. Undertakings for Collective Investment in Transferable Securities) |
| InterCapital Bond | |
| InterCapital Dollar Balanced | |
| InterCapital Global Equity | |
| InterCapital Global Technology | |
| InterCapital Income Plus | |
| InterCapital SEE Equity | |
| InterCapital Short Term Bond | |
| InterCapital Short Term Dollar Bond | |
| InterCapital UCITS krovni otvoreni investicijski fond s javnom ponudom | |
| InterCapital Nova Europa otvoreni investicijski fond s javnom ponudom | |
| Fond hrvatskih branitelja iz Domovinskog rata i članova njihovih obitelji | Специфичен фонд (анг. Specific fund) |
| ICAM Total Return | |

| | |
|---|---|
| INTERCAPITAL Commodity Strategy otvoreni alternativni investicijski fond s javnom ponudom | Алтернативни инвестициски фонд (анг. Alternative investment fund) |

По завршувањето на Одвојувањето (анг. *Carve-out*), акционерскиот капитал на ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о ќе се намали, а **ИНТЕРКЕПИТАЛ д.д.**, ќе има единствен дел од деловното учество во ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о, што претставува 100% од неговиот акционерски капитал по Одвојувањето.

Последователно на тоа, Ерсте Асет Мрнаџмент ГмбХ ќе стекне директна контрола врз ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о во смисла на член 12, став 1, точка 2 од Законот.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ** е со основни дејности кои се состојат од дејности за управување со средства е дел од групацијата на компании Ерсте („**Групација Ерсте**"), еден од најголемите даватели на финансиски услуги во Централна и Источна Европа, кое нуди банкарски услуги на физички и правни лица, како и финансиски услуги. Работењето на Групацијата Ерсте е поделено на банкарство на мало, комерцијално банкарство, групациски пазари, активно и пасивно управување и локален центар за комерцијални трансакции, доверителско банкарство, како и центар за комерцијални трансакции на ниво на групација. Сепак, примарната дејност на Групацијата Ерсте е давање банкарски услуги на физички и правни лица.

Самото Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ не е присутно во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Групацијата Ерсте е присутна во Северна Македонија преку поврзани правни лица и генерира промет во Северна Македонија:

1. Шпаркасе Банка АД Скопје, со седиште на Васил Иљоски 14, Скопје, Република Северна Македонија, чија основна дејност е друго монетарно посредување.
2. Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје со седиште на ул. Македонија 34, Скопје, Северна Македонија, чија основна дејност е финансиски лизинг.
3. С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје – во ликвидација со седиште на Васил Иљоски 14, Скопје, Република Северна Македонија, чија основна дејност е купување и

продажба на сопствен недвижен имот.

**ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о**, друштво со ограничена одговорност е со основни дејности кои се состојат од основање и управување со алтернативни инвестициски фондови.

ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о, не е присутно во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**